## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6004 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;
5. **Предмет на надзорот**:
   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**
6. **Констатации од надзорот:**

### Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното времетраење на анализираните прилози е 4 часа 13 минути и 43 секунди. Анализирани се десет изданија на Вестите од 19.00 часот, во периодот од 11 до 20 ноември. Со вкупно времетраење од 4 часа 8 минути и 46 секунди, доминираат новинарските прилози што припаѓаат на претежно информативните

жанрови - вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, изјави (Табела 1). Емитувани се два новинарски осврта со времетраење од 4 минути и 57 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:08:41 | 3,49 | % |
| СДСМ | 00:06:52 | 2,76 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:59 | 4,42 | % |
| Беса | 00:01:07 | 0,45 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:46 | 1,92 | % |
| ДИК и други органи | 00:14:41 | 5,90 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:19:37 | 7,89 | % |
| Судство | 00:16:19 | 6,56 | % |
| Влада на РМ | 00:16:35 | 6,67 | % |
| Други субјекти | 00:27:06 | 10,89 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:19:10 | 7,70 | % |
| Локална самоуправа | 00:12:20 | 4,96 | % |
| Без субјекти | 00:41:30 | 16,68 | % |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:01:39 | 0,66 | % |
| Шарена револуција | 00:00:49 | 0,33 | % |
| Граѓански сектор | 00:17:02 | 6,85 | % |
| Привремена комисија | 00:01:12 | 0,48 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:33 | 3,03 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:39 | 0,26 | % |
| Специјално обвинителство | 00:14:21 | 5,77 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:03 | 1,23 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:10 | 0,07 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:31 | 0,21 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:08 | 0,05 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:08 | 0,05 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:08 | 0,05 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:08 | 0,05 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:08 | 0,05 | % |
| Либерална партија | 00:00:08 | 0,05 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:08 | 0,05 | % |
| Левица | 00:00:08 | 0,05 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:00 | 0,40 | % |
| | **Вкупно: 04:08:46** | 100 | % |

Субјектите кодирани како „Без субјекти" и „Други субјекти" имаат двоцифрена процентуална застапеност и заедно зафаќаат повеќе од една четвртина од вкупното време на анализираните прилози. Со по осум процентна застапеност, следуваат категориите „Експерти/аналитичари" и „Органи на државна

управа/јавни претпријатија", а следната група субјекти, коишто имаат по седум проценти застапеност ја сочинуваат „Граѓански сектор", „Влада на РМ" и „Судство".

Со временска застапеност од 41 минута и 30 секунди (16.68%), доминира категоријата „Без субјекти". Медиумот и во овој осми по ред извештаен период, информира за голем дел од проблемите со коишто се среќаваат жителите на одредени подрачја. Целта несомнено е да се предизвика интерес кај надлежните органи дел од тие проблеми да се надминат. Две групи прашања се посебно во фокусот на интерес. Едната група прашања е поврзана со проблеми коишто го отежнуваат или го оневозможуваат нормалното одвивање на образовниот процес во некои населени места, а втората група прашања е поврзана со инфраструктурни проблеми со коишто се засегнати поширок круг жители на местата за кои се зборува во прилозите. Во рамки на првата група проблеми за коишто известува ТВ Алсат М влегуваат прилозите посветени на: отежнатите услови за работа поради дотраената кровна конструкција со кои се соочуваат учениците и вработените од тетовското училиште „Лирија", неосветлените пристапи кон студентската населба во Тетово, прилогот за учениците од ОУ „25 Мај" од Скопје коишто мора да пешачат повеќе од 3 километри до училиштето иако им следува превоз, неколкугодишните одложувања за реновирање на ОУ „Дрита" од село Рашче, исклученоста на учениците од одлучувањата во училиштата, немањето училиште во скопско Визбегово и др. Медиумот, простор покрај за страните коишто се надлежни за решавање на овие проблеми, отстапува и за засегнатите страни од проблемите, учениците и нивните родители, коишто според методолошките напомени ги кодираме како „Без субјекти". Во втората група прашања, телевизијата информира за инфраструктурните проблеми на жителите од скопската населба Сингелиќ што се појавија како последица на повторните обилни врнежи дожд, за сличните проблеми предизвикани од врнежите на жителите од Тетово, недовршените патишта во населените места околу Делогожда - струшко, немањето систем за наводнување во Дебар, лошата патна инфраструктура во село Лопате - кумановско, дивите депонии во село Никуштак, проблемите со питка вода во Тетово итн. За голем дел од темите што ги обработува медиумот во рамки на овој извештаен период, преку анкети со граѓаните, се труди да го пренесе и нивното размислување. Обичните граѓани своето мислење го изнесоа по прашањата поврзани со: одолговлекувањето на промената на имињата на две училишта во Чаир, економските програми на политичките партии, висината на платите, протестите против собирот на ДУИ во Куманово, реализацијата на владиниот проект „Мој термин", непрочистеноста на избирачкиот список, загаденоста на Дебарското езеро, незадоволство од услугите на општините, затворањето на загадувачот Југохром, прашањата поврзани со масовното прислушување, очекувањата од кампањите на политичките партии и други.

Субјектите кодирани како „Други субјекти", се застапени со 27 минути или приближно 11% во вкупното време на емитуваните прилози. Во овој десетдневен извештаен период, оваа категорија ја сочинуваат: Стопанска комора на северозападна Македонија, гувернер на Народна банка на Македонија, универзитетски професори, адвокати, ректор на универзитет „Мајка Тереза", Стопанска комора на РМ, Штуловиот универзитет, доктори, комбинат Југохром, концесионер на Дебарско езеро, мобилните оператори Вип и Телеком, универзитет „Мајка Тереза", Народен правобранител на РМ и други.

Втората група субјекти, присутни со по осум процентна застапеност (по околу 19 минути) ја чинат „Експерти/аналитичари" и „Органи на државна управа/јавни претпријатија". Медиумот продолжува со востановената практика, за голем дел од прашањата што ги обработува, да побара и став на експертите или аналитичарите. Прилозите во коишто е пренесен ставот на експертите/аналитичарите може да се поделат на три групи: за дневнополитички настани поврзани со претстојните избори и активностите на политичките партии, прашањата поврзани со прислушувањето и работата на Специјалното јавно обвинителство и економски теми. Првата група, со отстапен простор за експертско мислење, ја чинат прилозите за предложените листи со пратеници на ДУИ, одмерувањето на силите на партиските лидери на претстојните избори, непартиските лица непожелни на партиските листи, инцидентот на собирот на ДУИ во Куманово, гласањето на дијаспората, очекувањата од изборните кампањи на партиите, одбегнувањето на дебатни соочувања од страна на партиските лидери итн. Во втората група влегуваат прилозите за судските опструкции на предметите на Специјалното јавно обвинителство, прислушувањето и доказите со коишто

располага СЈО, случајот „Таргет“ и др., за коишто се произнесоа правни експерти или аналитичари на случувањата. Економските експерти беа дел од прилозите во коишто се обработуваа економски теми: дебата за иднината на македонската економија, економските програми на партиите, неплаќањето данок од страна на некои јавни претпријатија, зголемувањето на субвенциите и др.

Известувањето за активностите на владините претставници не е во функција на изборно медиумско претставување, туку како дел од нивните редовни активности (пренесена изјава на вицепремиерот Адеми во врска со Извештајот на ЕУ, став на Министерството за здравство за проектот „Мој термин“, пријава од МВР за негувателки од градинка поради насилство врз дете, пренесени ставови на Министерствата за образование и култура во врска со идните чекори за санирање на ОУ „Лирија“ од Тетово, односно Музејот на албанската азбука во Битола, улогата на Министерството за екологија во затворањето на Југохром и др.).

Медиумот извести за активностите на 16 политички субјекти, распоредени според директно отстапеното време за нив или споменати како дел од некој прилог, го имаат следниот редослед: ДУИ, ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДПА, СДПМ, Беса, ДПА-ДР, НДП, Коалиција на ВМРО ДПМНЕ, Коалиција на СДСМ, Коалиција за промени и правда, ПДП, Коалиција (Унитети, ДПА-ДР, НДП на В.Мемеди), Либерална партија, Коалиција ВМРО за Македонија и Левица.

Емитувани се два новинарски осврта со вкупно времетраење од 4 минути и 57 секунди. „ЕЛЕМ турс ги занемарува албанските кадри“ (трае 2 минути и 15 секунди) е насловот на првиот осврт, а вториот со наслов „Прислушувањата – Владата ги обвини тајните служби“ трае 2 минути и 42 секунди.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:00:29 | 0,79 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:19 | 2,14 | % |
| СДСМ | 00:00:40 | 1,08 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:35 | 20,48 | % |
| Судство | 00:03:02 | 4,94 | % |
| Влада на РМ | 00:03:26 | 5,59 | % |
| Други субјекти | 00:07:51 | 12,77 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:58 | 4,83 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:30 | 7,32 | % |
| Шарена револуција | 00:00:14 | 0,38 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:26 | 10,47 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:04 | 8,25 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:42 | 2,77 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:53 | 1,44 | % |
| Привремена комисија | 00:00:38 | 1,03 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:14 | 0,38 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:59 | 1,60 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:00 | 1,63 | % |
| Специјално обвинителство | 00:07:11 | 11,69 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:16 | 0,43 | % |
| | **Вкупно: 01:01:27** | 100 | % |

Четири, процентуално двоцифрено застапени категории („Експери аналитичари“, субјектите кодирани како „Други субјекти“, „Специјално јавно обвинителство“ и претставниците на „Граѓанскиот сектор“), зафаќаат

повеќе од половина од вкупното време одвоено за директни обраќања. Најприсутни меѓу нив се обраќањата на експертите и аналитичарите.

## *Посебни информативни емисии*

### *Дебатни емисии*

Во осмиот десетдневен извештаен период, од 11 до 20 ноември, се емитувани три премиерни дебатни изданија, по едно во рамки на емисиите „200", „Патот кон" и „Економски магазин". Емитувани се и 6 реприи, две се однесуваат на изданијата на емисијата „Патот кон" емитувани во рамки на овој извештаен период, две на издание од „Патот кон" емитувано во претходниот, седми по ред извештаен период и две на емисијата „200".

На 15 ноември е емитувана првата премиерна дебатна емисија во осмиот извештаен период. Станува збор за емисијата „200" во којашто гостуваа аналитичарите Сашо Клековски, Абедин Зимбери и Мерсим Максути. Дискутираа за претстојните избори со акцент на предложените листи со кандидати за пратеници и што може да се очекува од новите лица на тие листи. Емисијата е репризирана на 16 и 20 ноември.

Премиерното издание на емисијата „Патот кон" е од 17 ноември, во којашто се говореше за инцидентот на собирот на ДУИ во Куманово и за предизборните кампањи на политичките партии. Во емисијата дебатираа Изет Меџити од ДУИ, Азем Садику од ДПА и универзитетскиот професор Земри Елези. Репризите беа емитувани на 18 и 19 ноември.

За финансиските изборни ветувања на партиите како и за ставовите на меѓународните финансиски институции во врска со задолженоста на земјата, во рамки на емисијата што третира економски теми „Економски магазин", на 17 ноември, дискутираа универзитетскиот професор Никола Поповски и Миле Бошков од Федерацијата на работодавачи.

Другите две реприи на емисијата „Патот кон" се однесуваат на изданието емитувано на 10 ноември, во рамки на претходниот извештаен период. Во тоа издание гостуваа претставниците на партиите Беса и Унитети, Зеќирја Ибрахими и Зулфи Адили, како и кандидатот за пратеник од Коалицијата на СДСМ, Ферид Мухиќ. Репризите се емитувани на 11 и 12 ноември.

### *Интервјуа*

Емитувани се три интервјуа во рамки на емисијата „360 степени", реприза на едно од изданијата на „360 степени" и реприза на издание на емисијата „200" од претходниот извештаен период.

Првото интервју е емитувано на 11 ноември. За состојбите во македонското судство и за нотираните проблеми во оваа сфера во Извештајот на ЕК, новинарот на ТВ Алсат М разговараше со претседателката на Врховниот суд на РМ, Лидија Неделкова.

Во второто издание на емисијата „360 степени", од 18 ноември, се реализирани две интервјуа. Првото е со градоначалникот на општина Центар, Андреј Жерновски, со акцент на прислушувањето. Второто е на истата работна тема, прислушувањето, но од аспект на јазична анализа на прислушуваните материјали. Интервјуто е со авторот на таа анализа, американскиот славист Виктор Фридман. Ова издание на „360 степени" е репризирано наредниот ден, 19 ноември.

Репризирано е и изданието на емисијата „200", премиерно емитувана на 8 ноември, во рамки на претходниот, седми по ред извештаен период. Во неа беа емитувани четири независни интервјуа: со Џес

Бејли, амбасадор на САД во Република Македонија, Јулиан Зила, експерт за политичка комуникација, Рубен Авдиу, главен уредник на весникот „Илирија" од Њујорк и Елизабет Ести, конгресменка од САД. Тема беа изборите во САД.

*Друга информативна програма*

Изданието на емисијата „360 степени" од 14 ноември беше составена од неколку независни теми: 1. Владините ветувања за обештетување на поплавените во скопско, 2. Стекнатиот имот и финансиските примања на брачниот пар Исајловски (И.Исајловски – заменик министер за надворешни работи на РМ и А. Исајловска – заменик државен обвинител), 3. Европската перспектива на Република Македонија, 4. Проблемите на лицата со оштетен вид во поглед на образованието. Емисијата е репризирана наредниот ден, 15 ноември.

***Сектор за програмски работи***